**ВИТАЧЕВО 27.05.2015 ГОДИНА**

# С Ц Е Н А Р И О

Организатори на вежбата:

► **Противпожарниот сојуз на Македонија**

►**Владата на Република Македонија – Дирекцијата за заштита и спасување**

►**ЈП Македонски шуми, Подружница „Бор“ Кавадарци**

►**Општината Кавадарци и**

►**Општинскиот противпожарен сојуз Кавадарци**

## Претпоставена ситуација на шумски пожар

Пожарот е предизвикан на локалитетот Витачево, на м.в. 920 м општина Кавадарци, околу 10:00 часот. Местото на пожарот е на оддалеченост од околу 25 км од градот Кавадарци.

Пожарот прв го забележало лице кое што со камион превезувало техничко дрво, движејќи се по асвалтниот пат кој минува низ локалитетот Витачево. Пожарот од негова страна веднаш е пријавен во дирекцијата на ЈП Македонски шуми – подружница Бор Кавадарци во 10:45 часот.

Во времето на пријавувањето на пожарот временските услови погодуваат за брзото ширење на пожарот. Така надворешната атмосферска температура изнесува 34 C°, релативната влажност на воздухот е 37%, а ветерот дува со брзина од 60 км/час во правец северо-исток – југо-исток.

Со пожарот се зафатени површини со мешана претежно дабова шума, а во истата има и борови култури. Дрвната маса на опожарената површина изнесува околу 20 $м^3$/ха.

Од пожарот е формирана активна – „фронтална„ линија во должина од околу еден километар, надолжно покрај асвалтниот пат.

„Заднината“ на пожарот е од спротивната страна на „фронталната“ линија, но и по неа на повеќе места има активно горење со релативно мал интензитет.

Во непосредна близина на двете „страни„ на пожарот, има борова шума на која и се заканува опасност да биде зафатена со пожарот.

Пожарот претежно е приземен, но истиот на поедини места ги зафаќа и крошните на дрвјата. Најинтензивно горењето е по „фронталната“ линија и по „страните“ на пожарот.

Исто така, од десната страна на асвалтниот пат, во правецот во кој што се движи фронталната линија на пожарот има борова шума, за која што исто така поради силниот ветер има потенцијална опасност да биде зафатена со пожарот.

Поради густиот чад од пожарот, видливоста за движење на возилата по асвалтниот пат е релативно мала и постои опасност од сообраќајни незгоди.

Опожарената површина до пријавувањето на пожарот изнесува околу 20 ха.

## Оперативно – тактички настап

По примањето на пријавата за настанатиот пожар, веднаш, согласно Планот за заштита од пожари на ЈП Македонски шуми – подружница Бор Кавадарци, за гаснење на пожарот упатено е првото одделение за гаснење пожари со теренско возило и 5 вработени.

Поради брзото ширење на пожарот, за гаснење на истиот, согласно Планот за заштита од пожари на ЈП Македонски шуми – подружница Бор Кавадарци, упатени се и дополнителните сили од претпријатието со специјално ПП возило и друга опрема, како и сили од Територијалната противпожарна единица Кавадарци; едно ПП одделение со специјално ПП возило од Фени Индустри Кавадарци, како и едно противпожарно одделение од 10 пожарникари од Општинскиот противпожарен сојуз Кавадарци – ДПД Бегниште.

**Во гаснењето на пожарот вклучени се вкупно 50 гасначи со 3 специјални ПП возила и опрема за гаснење на шумски пожари.**

## На местото на пожарот формирани се 4 сектори на гаснење и тоа:

**Првиот сектор** е паралелно со асвалтниот пат и го опфаќа фронтот на пожарот. На овој сектор ќе делуваат 3 специјални ПП возила со 30 гасначи. Ќе се врши директно гаснење на пожарот со вода, како и правење на одбранбена ПП пресека заради спречување на ширење на пожарот.

**Вториот сектор** е на северната „страна“ на пожарот. На овој сектор ќе делуваат третото и четвртото одделение на ЈП Македонски шуми – подружница Бор Кавадарци. На овој сектор паралелно ќе се прави заштитен појас (метод на две стопи) од кој што ќе се отстранува горливиот материјал, заради спречување на ширењето на пожарот, а на позициите каде што е можно ќе се врши и директно гаснење на пожарот.

**Третиот сектор** е на јужната „страна“ на пожарот. На овој сектор ќе делува петото одделение за гаснење пожари на ЈП Македонски шуми – подружница Бор Кавадарци и второто одделение од Територијалната противпожарна единица Кавадарци. На овој сектор, пожарот ќе се гасне директно со грбни пумпи-напртњачи и со прирачен алат.

**Четвртиот сектор –** е „задрината“ на пожарот

На овој сектор на пожарот ќе делува противпожарното одделение на Општинскиот противпожарен сојуз Кавадарци – ДПД Бегниште.

Исто така поради брзата промена на временските услови и активирање на пожарот на овој сектор ќе се делува и со воздухоплов – авион за гаснење на шумски пожари на Дирекцијата за заштита и спасување.